ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **22.02.2022 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски,** Советник - Одговорен сметководител – **Марија Златановска,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ -** поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со

тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.
-Состанок во врска со презентација на нов систем за даноци на имот во координација со (Марија Златановска) на 24.02.2022 година (четврток).

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на советник - одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Состанок во врска со презентација на нов систем за даноци на имот во координација со (Мартин Николовски) на 24.02.2022 година (четврток).
-Да се види со возачите што е сработено околу обиколката што требало да биде направена од нивна страна во врска со деловните објекти кои не се ставени во функција за да се дојде до некое сознание за бројот на истите (во координација со Даниела Велковска).

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Да се изработи Основен сообраќаен проект за крак од улица во населба Белево (кај Трафостаница).

-Доколку не се обезбедат средства преку програмата ТАВ за улица „Осоговска“ да се предвидат средства од општинскиот Буџет преку ребаланс на истиот.

-Во координација со одделението за урбанизам да се провери можноста за вградување на гранитната коцка извадена од градскиот плоштад за што ќе треба да се разгледаат повеќе можни локации (улички или пешачки патеки).

-По потпишување на официјален договор со фирмата Стоименов - ДООЕЛ, Кочани преку СИПР, да се стапи во контакт со истата и да се воведат во градба.

Да се направи согледување за улици и патишта кои може да се санираат (асфалтираат) преку договор за тековно одржување кога ќе биде склучен истиот.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на раководителот на секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура – **Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се види за услови, начин и локација за користење на куќичките кои ќе бидат поставени на градскиот плоштад и да се спреми одлука за седница на Совет на општина.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности,локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела:

-Да се изготви записник со дадени активности во врска со одржување на традиционална манифестација ,,Невестинско поклонение на Свети Теодор Тирон'' во с.Конопница.

-Да се изготви барање за продолжување на проект за набавка на возило за снег преку Биро за регионален развој.

-Да се направи координација во врска со одржување на форум на Швајцарска развојна агенција.

-Да се подготви тендерска спецификација за кетеринг услуги и ноќевања.

-Да се работи на наоѓање партнер за меѓуопштинска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово.

Да се следи програмата за изнаоѓање соработка помеѓу РСМ и Република Бугарија и да се дефинира околу настанот во Лесовец, Р.Србија.

-Да се кординира со Јапонска амбасада за потпишување на договор за грант за ОУЈДГ „Детелинка“.

-Да се подготви Одлука за седница на Совет за Министерство за животна средина.

-Да се следи објава на повик за Биро за регионален развој и Агенција за финансиска подршка во земјоделиетo.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на раководителот на одделението за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-По добивање на повратен меил од МИОА во врска со измената и дополната на систематизацијата, истата да се потпише и испрати за добивање на согласност.

-По добивање на систематизацијата да се одржи состанок со градоначалникот во врска со изготвувањето на ГПВ.

-По комплетирање на доставените податоци за функционална анализа да се одржи состанок на работната група.

-Да се одговори Прашалникот за системот ХРМИС.

-Да се направи допис до Министерство за одбрана и да се побара документација во врска со претстапен објект караула-Коприва.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на раководителот на одделението **Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се пуштат предлози за експопријација за улица „Вршачка“.

-Да се даде задолжување на Зоран Георгиевски да ги преземе обврските околу достава на патни налози на секои 2 недели во одделението за финансиски прашања, а исто така да преземе одговорност за одржување на возниот парк.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на раководителот за испекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Надлежните испектори да направат контрола во врска со изградбата на речното корито над Осички мост и да се изготват соодветни испекциски акти.

-Да се изготвува неделен извештај за задолженијата на неделениот план на секторите од Јавното комунално претпријатие.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се подобри хигиената и јавната чистота во градот.

-Да се подобри хигиената во спортската сала и хигиената на спортско рекреативниот центар и да се преземат мерки за оградување на спортското игралиште.

-Да се спроведе холтикултурното уредување и да се изврши засадување на набавените садници.

-Да се реши проблемот со канализација во населба Цонев рид.

-Да се спроведе целосно чистење на Зелениот градски пазар.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, **Драган Величковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Согласно планот за јавни набавки сите одделенија да си ги распишат јавните набавки.

**22.02.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**